На прагот на збреватниот творечки порив, постои Идејата за Уметноста кој се обидува да се ослободи од прангите поставени од мајчиниот дом, спремна да се искристализира во Поим, во форма, во ликовно писмо, знаковно, бунтовно, смирено, со дух вечен...и добивајќи ја својата форма продолжува да постои надвор од својот кожурец, со боја и мирис на воздух, земја, небо, вода...кој одново дава живот од својот за да може да биде цел... И така во тој цикличен редослед на настаните, создавањето на уметноста и сознанието за неа во испишани поглавја, се појавува веста за создавањето на уметничките дела и критиката или критичките видувања на новите концепти, како дел од богатството можности. Сосема новопечени проблесоци на вистината со својот багаж.

Изложбата „Уметнички дијалози" е проект на невладината организација „См-арт медиа„ чија цел е промовирање на културата и уметноста. Оваа новоформирана организација која брои петнаесет историчари на уметност преку своите цели и активности, се обидува да воспостави една состојба на креативна работилница која активно се залага за подигање на етиката и естетиката во сите правци од областа на културата.

Во „Уметнички дијалози" се инволвирани девет историчари на уметност и петнаесет уметници кои со заедничка соработка (историчарите на уметност ќе претставуваат по двајца уметници со текст) и преку една заедничка презентација на своите почетни остварувања и креативни излагања создаваат визија за своето понатамошно творење како и еден почетен импулс за воспоставување на напуштената практика која во тесна соработка на овие две професии ја креирала состојбата на македонската уметничка сцена.

Оваа изложба цели кон создавање на една средина која би им овозможила на младите и талентирани уметници и историчари на уметност да го искажат својот творечки нагон и воедно да воспостави една селективно- критичка интеракција меѓу овие две поврзани области од ликовната сфера.

Во сообразност со Вајлдовата мисла дека критиката треба да „ја доведе уметноста во нов однос кон времето, и со тоа таа стане витален дел на нашите животи" и Аргановиот став дека критиката е начин..„да покаже дека она што се прави како уметност е навистина уметност и дека, како уметност, органски се поврзува со други дејности, неуметнички, па дури и неестетски, вклучувајќи се така во општиот систем на културата..." се обидовме да ги спроведеме доследно и концизно нашите размислувања и ставови и воедно да им дадеме можност на младите творечки умови да се отворат пред „светот" активно вклучувајќи се во изградба, во заеднички проект (се надевам во Аргановска смисла).

Ивана Васева

**Младински културен центар**

# Уметнички дијалози

Уметничките дела и критиката или критички видувања на новите концепти

мај, 2007

*„...ако сликата значи природата одразена на уметникот - критиката нека биде таа слика одразена на интелегентен и чувствителен дух..."*

*Шарл Бодлер*

Издавач: Младински културен центар, Кеј „Димитар Влахов" б.б. Скопје, Република Македонија, тел, ++389 2 3115 508,
За издавачот: Директор Борис Момироски, Менаџер на проекти за ликовна програма: Зорица Лојпур Богдановски, дизајн: Колев Томе
„Дневна соба" - изложба „Уметнички Дијалози (7 куратори - 15 уметници)", 17 - 28 мај 2007год.
Изложбата е реализирана со поддршка на град Скопје, тираж 200 примероци.





**Елена Ѓорѓиоска,**
**родена 1982год.**
***дипломира 2005год на ФЛУ, сликарство во класа на Вело Ташовски***

*„Јас и ти заедно танцуваме" 2006 год., акрил на платно, 89x99*

*„Треба да ти кажам два, три зборови", 2006год., акрил на платно 89x99*

## *Колористичката игра во рамки на геометризмот*

Барајќи ја скриената геометрија и рамнотежа во природата, каде владеат законитости под кои сите поларитети, дуализми и антагонизми, се обединети, сплотени во совршено единство, младата авторка Елена Ѓорѓиоска, чиј интерес се движи во насока на усогласување на спротивности: топли-студени бои и статични-динамични форми, го наоѓа својот ликовен израз во елементарните геометриски облици. Без претензии за изнаоѓање нови начини и медиуми за уметничко изразување, таа го избира платното како традиционален сликарски медиум. Иницијалната точка од која тргнува е слободно исцртување на стилизирана машка и женска фигура, уште една спротивност и едновремена комплементарност, означувајќи ги машкиот и женскиот принцип. Фигурацијата, сведена до непрепознатливост, е основа на која потоа се развива целата композиција, што претставува преоден степен кон геометриската апстракција.

Дводимензионална позадина, а на неа наизменично распоредени правоаголни и квадратни полиња, обоени во топлите бои. Тридимензионални извиени форми во сино-зелено во преден план. Живите бои стануваат смирени, а смирените живи. Меѓусебно одвоени, а истовремено успешно усогласени, доловуваат една визуелна игра на комплементарните бои со смирените и динамичните форми, чии фрагменти налик на тули, без видливи спојувања, градат тенка конструкција. Ваквото решение резултира со една неверојатна динамика и флуидност, а отсуството на рамки уште повеќе го засилува чувството на разбранетост. И во самите наслови на делата се крие некаква радост и игривост. Во сликата насловена "Јас и ти заедно танцуваме" која предизвикува синестетичко доживување, се насетува ритамот на музиката, брз и динамичен, а делото "Сакам да ти кажам два-три збора", обоено во нешто посмирена, попастелна варијанта, го доловува нежното, но интензивно чувство на љубовта. Сѐ е испреплетено во една суптилна поетика на геометризмот. Сите полиња се чисто обоени, со изразено педантен аранжман на композициските сегменти, со примена на мазна фактура, без тонско моделирање, каде боите се строго одделени, и секоја од нив има точно определено место на делување. Строгата структура на геометризмот преку дводимензионалната и тридимензионалната организација е втопен во колористичката живост, предизвикувајќи хроматска сензација и интригантност (на некој начин блиска и до илузионизмот на оп-артот), а со вештата артикулација на ликовните елементи бојата и формата е постигнато движење, ритам, контраст и хармонија. Набиени со пулсирачка енергија, виталност и колорит со магично визуелно зрачење, кое е моќно и сугестивно, овие дела го разбиваат сѐ поприсутното сивило на нашето секојдневие

*Александра Јанчевска*

# Во потрага по изгубениот простор и време



**Јана Мишева,**
**родена 1982**
**дипломира на ФЛУ-графика во 2007год.**
**во класата на Проф. Мирко Вујисиќ**

*1. Во потрага по изгубениот простор и време 1., 2007, графика -висок и длабок печат, 50x60*

*2. Во потрага по изгубениот простор и време 2., 2007, графика -висок и длабок печат, 50x60*

*3. Во потрага по изгубениот простор и време 4., 2007, дигитален отпечаток, 50x60,*





Човекот се движи во материјалниот, реален свет каде неможноста за трансгресија на биолошката детерминираност го прави ограничен, вакумиран во просторот и времето, наспроти бесконечното траење на универзумот. И покрај ваквото космичко устројство дадена му е слобода сам да ја одредува патеката по која ќе се движи. Механизмите на моќта преку медиумска хипноза, вкоренети во културните и цивилизациски матрици, продуцираат сомнителни вредности, па луѓето прават избор од погрешна природа, не слушајќи го внатрешениот глас. Но, доаѓа момент кога некои од нив конечно се будат, ја осознаваат суштината, патувајќи во сферите на духовниот, бестелесен реалм. Ваквото доживување на стварноста, сложениот систем од релации кои егзистираат во светот и спиритуалните принципи се мотивите кои се јавуваат во делата на Јана Мишева.

Изолираните човечки фигури се изведени знаковно, со линеарна, прозрачна конструкција, која го означува духовното патување. Иако потсетуваат на синдромот “осаменост среде толпа”, тие повеќе се сами во својата потрага, отколку осамени, во обид да се победат себе си, да ја одгатнат суштината на постоењето и да бидат обземени од белата светлина која ќе ги впие во својата сеприсутност, растерувајќи ја опскурната завеса на незнаењето и заблудата. Сместени се во иреален, метафизички простор, изразен преку шематски елементи во рамките на елементарниот геометризам, со симболичен систем во ахроматско црно-бело-сиво решение, каде преовладува медитативна, атмосфера. Белите полиња, простирајќи се и надвор од условните граници на делата, овде го симболизираат просветлувањето, духовната метаморфоза кон возвишеното и трансценденталното.

Со еднакво внимание, промисленост и рационален момент во творечкиот процес се третирани и нарацијата и формално-естетските белези, каде сите сегменти се складно распоредени во строга и стабилна композиција (особено во двете дела изведени во комбинирана графичка техника, со синергично поврзување на бакропис, линорез и акватинта), но и послободно организирање (кај делото во компјутерска техника). Редукцијата на изразните средства и одрекувањето од колоритот, не ги прават делата посиромашни во изразот, напротив, со одмерените контрастирања и пречистени до нивната есенција делуваат моќно и јасно. Како контрапункт на минималистичкиот ликовен ракопис се јавуваат мошне комплексни асоцијативни значења кои произлегуваат од ликовната нарација на овие длабоки филозофски контемплации, нудејќи можност за сопствено толкување, во зависност од перцептивната и креативна моќ на набљудувачот. А отсуството на какви било назнаки од нашето совремие и даваат на приказната безвременска димензија.

Александра Јанчевска

## Фигурација



Една од младите автори кои се претставуваат на оваа изложба е и младата авторка Јана Сајковска. На изложбата таа се одлучи да презентира графики изработени во техниката сува игла на тема фигурација. Она што ја обележува Јана Сајковска во конкретното творештво е тоа што таа ги конципира своите дела како фрагменти. Во делото ,,Женски акт - фрагмент, модел, целина", целината ја разложува на повеќе делови, синтетизирајќи парчиња графики различни по димензија, а сепак ритмично поставени како по вертикала така и по хоризонтала, сочинувајќи една хармонија по аналогија. Во другото дело 'Сениште" пак, се забележува повторување, мултиплицирање на една фигура, поточно машко торзо во повеќе секвенци. Секој од деловите и во обата случаи можат да фигурираат како самостојни концепти. Со тоа самата авторка остава простор за нивно разложување, разместување, со цел да создаде една ритмична разиграност на целината.

Кај женскиот акт се забележува ахроматско решавање на композицијата, додека кај машките торза, монохромно обојување. Тука бојата е само надополнување на графичкиот израз.
И во двете дела присуството на линијата како главен ликовен елемент е речиси императив. Линеарниот интензитет е примарен и единствен. Во еден случај линијата е меко извлечена, речиси фовистички, во друг случај експресивно без конкретно индивидуализирање и моделирање на актовите.

Авторката фигурите ги поставува во недефиниран простор, со цел набљудувачот целото свое внимание да го насочи кон централната композиција. Со апстрахирање на портретните карактеристики, таа го избегнува индивидуализирањето на фигурите, давајќи универзална конотација, со тоа отсликувајќи еден безвременски и безпросторен импулс.

Јана Сајковска третира свој креативен пристап кон приказот на актовите, изразувајќи ја индивидуалната експресија, со што остава простор за нејзино понатамошно развивање во уметничкото творештво.

*Елена Тодевска*



**Јана Сајковска, *родена 1980***
***дипломира на ФЛУ (педагог/графичар) 2005год.***

*"Женски акт – фрагмент, модел, целина", 2006, (полиптих) – графика, сува игла, 100x200*

*"Сениште", 2003, графика, сува игла, 10x24*



# Хаос и ред

**Весна Арангеловиќ,**
***родена 1981год.***
***IV-та год. на ФЛУ***
***во класа на проф.***
***Антони Мазневски***

*„Лед-диода II", 2007,*
*акрилик на пресувана хартија,*
*100x40*

*„Лед-диода I", 2007,*
*акрилик на пресувана хартија,*
*66x66*

Современата технологија на новото време се јавува како инспирација во делата кои ги изложува Весна Арангеловиќ. Поконкретно, набљудувајќи ги лед-диодите на уредите кои го сочинуваат модерното живеење, таа во нив ја пронаоѓа нишката на инспиративен импулс. Така земајќи елемент кој припаѓа на секојдневната стварност, го изменува со интрвенција на боја, претставувајќи го како еден вид слика објект.

Во делото ,,Лед-диода I" се забележува еден апстрактен пристап на нанесување на бојата, кој таа го толкува како хаос, а во делото пак "Лед-диода II" се обидува да го воспостави редот преку извлекување на боени акценти од црната позадина. Таа тука ги користи основните, изворни бои, кои се чисти, едноставни, звучни, а истовремено и отворени. Тие се изразни, апсолутни, со што се постигнува еден својствен, условен склад. Тука младата уметница се обидува да ја артикулира енергијата, со што ја одредува структурата на делото. Самиот материјал на кој е аплицирана бојата е релјефно дефиниран. Искористувајќи ја веќе постоечката текстура, таа, врз формите кои се повторуваат нанесува произволно боја со која ја разигрува црната базна површина.



Во обата случаи има симетрично поставување на таблите, а на нив е интревенирано со боја. Со оформување на точки во боја, во "Лед-диода II", Весна Арангеловиќ се обидува да воспостави ред во хаосот, користејќи и линија како елемент, повторно, за воспоставување на редот. Во другото дело пак, имаме комплетно хаотично пулсирање на бојата. Диверзитетот од бои ја чини сликата хаотична.

Со оглед на тоа што станува збор за млад ликовен автор, кој сеуште трага по својот ликовен израз, ова е само мал почеток во нејзиното осознавање. Останува на нас како публика да го забележиме нејзиното следно појавување.

*Елена Тодевска*



# Меѓупросторни хоризонти (Приказна за малиот патник)

И еден човек- светол ден во истата ноќ како и ден меланхоличен во јарко жолто со ноќ расипна во сласти телесни и црни облаци над Синото небо и крвава месечина во Нарцисовите очи и една тема - Тој како дел од општото лудило и слеп набљудувач на општествените тајни ...или Биди човек и застани во редот и немај мисли, само кулирај и опушти се- некој друг мисли за тебе, ти контемплирај во сопствените избледени стравови или еден свет- сите бои во бело и црно и сите битија во неколку линии и еден сив, издуван свет најубав од сите и надвиснати сенки и магла...

„Декаденција" во општиот свет, непрестан пад кој се должи на намалување на неопходните морални традиции, состојба на себичност, материјализам, малодушност, декаденција во тебе, тој, таа и можен, веројатен личен пад на етичките „стабилни и цврсти начела", рушење на достоинството, почитта, давење во рамнодоушноста...Сега не е важно дали овој свет е најубав од сите, тоа прашање го изгубило своето значење и смисла, зашто во оваа реалност не се поставуваат прашања, нештата опстојуваат такви какви што се. Тука, егзистираат задскриени човечки тела со махинални одбивања и инстинктивни бегства од калта, нераскинливо врзани во нивниот ген. Зад кулисата само слаб регистар на неприфаќање, само нагонски импулс за слобода кој тлее и одново догорува, во основа крајна незапрашаност за состојбата на другиот во себе и со ни најмали знаци за желба за друг живот..

Секакви скокотливи напливи и надразливи и трпеливи допири по уметничката душа, „проколната" да забележува и длабоко да чувствува . Микрокосмос однесен во виорот на тајните видени а одамна незабележани. И тука, во овој лавиринт на изгубени нешта очите регистрираат а раката бележи, се зголемува адреналинот и срцето отежнато се бунтува во зголемен ритам и разумот се игнорира зашто тој не би го дозволил ова бележење. Полека се нижат нишките на сопственото предавање, целосна присутност на себеси во овој испробано сигурен свет. Се редат експлозивни гестови предадени во смирено руво очовечени со црна боја на бело поле, секогаш во состојба на мат. Еротски набој и желба за реализација, за знак, без желба за внимание....

Исконзумираните импресии од екстатичните вибрирачки звуци на цртежите и преведени во подвижни и динамични одблесоци на видеото, проектирајќи се во нашите сетила создаваат една целосна верзија на идејата. Деформираните корпуси во благо конфронтирани ставови, предадени во решителни потези и зацврстени за „оваа земја" со сеновити прекривки, и тоа и уште многу друго го прави нашиот придонес банален, ние само остануваме занемени од силината на емотивниот набој, од истрајноста во својата визија, на желбата да се опстане без разлика на се.

**Ивана Васева**

***Иван Ивановски,***
***роден 1983год.***
***апсолвент на ФЛУ, отсек- вајарство***

*Циклус: „Декаденција"*
*„Паднатите лажни борци", 2007,туш на хартија, 20×30cm*
*„Застани во ред", 2007,туш на хартија, 20×30cm*
*„Погрешен пат. Ова е патот, Одјеби." , 2007,туш на хартија, 20×30cm*
*„Поглед наназад", 2007,туш на хартија, 20×30cm*









**Ивана Стојановска,**
***родена 1984 год. Дипломирала 2006год. на ФЛУ во Скопје, отсек графика во класа на проф. Мирко Вујисиќ.***

*„Радост“, 2006, комбинирана техника, 50 x 70*

*„Срам“, 2006, комбинирана техника, 50 x 70*

*„Тага“, 2006, комбинирана техника, 50 x 70*





## Емотивни состојби

Во овој избор од три графики на Ивана Стојановска (во основниот концепт насловен „Емоции“се шест, сите изработени во комбинирана графичка техника- сува игла, акватинта, бакропис, бакрорез, мецотинта) се насетува скромниот, невиниот, доследен но и сериозен и решителен сензибилитет на младиот автор.

Во нив по пат на симболични претстави кои евоцираат некои примордијални слики, спонтано искусени во детството, а во случајов многу живи и активни таа го предава своето доживување на билошките но и емпириски феномени кои активно соучествуваат во изградбата на односот кон нештата вон и во нас. Таа мошне вешто се служи со облици, импресии, форми извлечени од својата незаборавена детска наивност и поигрувајќи си со графичките можности служејќи се со едноставни зарези, потези, зафатнини, и преку една страсна дедикација и совладаност на медиумот предава дела полни со живот, емоции и страсти како да се спремни да ни ја раскажат приказната која ја скроил анонимниот доживувач.

Вимателно и мошне јасно ги предава визуелизираните емоции - тага, радост и срам не обидувајќи се да не збуни во нивната содржинска смисла туку молитвено и смирено да не внесе во светот каде нештата се создаваат според борбеноста и трудољубивоста да излезат на виделина и успешно да заблескаат со својата убавина.

И одеднаш се наоѓаме преплавени од меките тонови на поетичниот призвук, во кој малите очиња, насмевки, тажни ликови, полиња, облачиња, есенски ливчиња и засрамениот поглед кој е зборен во недоглед („Срам“), развлечената насмевка која воскликнува во својот пев, славејќи ја сопствената божја креација („Радост“), или разжалената душа чија тага веќе одминува („Тага“), како да говорат со еден јазик многу речит но спознателен само за оние кои сеуште го негуваат „малиот принц“ во себе.

Од пригушените сенки (со по некој светол акцент) се јавува бунтовно бојата, да го означи своето паралелно постоење меѓу нештата кои своето битисување го свеле на движечки форми угоре. Ја вметнува бојата (преку техниката рачно еткање) со цел да ја долови емоцијата што поавтентично (соодветна боја за нејзина лична манифестација кон одредена доживеана појава), и воедно да го потигне ефектот на акварелот- нежен, мек и топол. Истовремено го збогатува амбиентот со визуелно- поетско- сетилни форми и разни разиграни, но и минуциозно предадени линии со ефект на цртеж, урамнотежувајќи ја атмосферата со нежни светло- темни премини и боени акценти.

Можеби не сосема свесно таа знае да посегне по длабоките исконски траги на човекот во потрага на неговото јас и преку неговите основни спознајни механизми да не поттурне во стварноста која себично ни се извлекува.

***Ивана Васева***



# Мозаична сложувалка од ликови и ликовни впечатоци

Портретното истражување, кое подразбира визуелно поништување на препознатливата обликовна форма и одново нејзино ликовно комплетирање во познатата мисловна содржина, е носител на идејниот стожер во делото на Елена Петковска. Нејзината наклонетост кон јасно дефинирани облици, дури и посебно конкретизирани преку портретно претставување на познати ликови, не се ограничува единствено на изразно делување во класичен медиум-сликарство, иако се користи со некои од неговите технички постулати. Наративното разговетствување на ликот е овозможено низ неколку степени на перцептивно соголување. Еднаш преку јасно одредена форма, со стремеж кон веристичко пренесување на одреден лик, но со користење на иновативна формула - дигиталната фотографија како заднина за чисто формално освојување на физичката контура на ликот. Потоа, преку колажирање, кое овој пат го користи како предлошка за мисловните процеси на психолошко испитување на личноста, со фрагментирање на ликовната целина и деконструкција на фотографската основа за да одново дојде до концентриран и далеку поинтензивен ликовен впечаток. И најпосле, преку повеќе димензионално портретно зголемување, како изговор за следно негово разобличување и повторно составување во поединечни знаковни целини. Секое делче од мозаичната целост соодветствува на одредена емотивна, мисловна, искуствена или воопшто карактерна специфичност на ликот кој го претставува. Релјефното испишување на асоцијативен текст, забележлив само од пристојно растојание или под карактеристично осветлување, посочува повторно на блиска врска меѓу имагинарното доживување на авторката и карактерниот профил на личноста од реалноста.

Така, тројното степенување и поигрување со еден ист предмет на ментална модификација т.е портретот, ќе повлече и одредена динамика во чинот на восприемање. - еднаш преку дистанцирано набљудување на формата и силата на доминантниот портрет, и повторно преку влегување во делото преку акцентираниот детал.

*Јованка Попова*

***Елена Петковска,***
***родена 1983год.***
***Дипломирала 2006 год. на ФЛУ - Скопје,***
***отсек- сликарство, насока- графички дизајн;***
***во класа на проф.Симон Шемов;***

*Дарко, масло на даска, 84x136*

*Автопортрет, колаж, 100x40*



## ... наспроти непознатиот заробеник на естетската импресија.



**Македонка Величковска**, родена 1985год
Студент на ФЛУ, III година на графичкиот одел во класа на проф. Славица Јанешлиева;

*? - комбинирана техника, 19x23*
*Ме гледаш ли 1 - комбинирана техника, 2007, 50x160*
*Ме гледаш ли 2 - комбинирана техника, 2007, 50x160*





Македонка Величковска е млада авторка која психолошкото преиспитување на внатрешни дилеми и модификации на еден карактерен профил, силно изразно и посебно преку графичко моделирање го сосредоточува во својата работа.

Да се направи јасна дистинкција меѓу реалноста и она кое еден творечки чин го поставува за паралелна реалност, посебно меѓу она што таа моментално го искусува или пак многу лично, истовремено и непосредно, го претставува, опозитно на моменталното доживување, е скоро невозможно. Еднаш заради веќе оддамна докажаната врска помеѓу експресионистичкиот модел на компресирање емоции и графиката како многу соодветен артистички медиум, и повторно поради една многу интимна преокупираност на авторката со возможните интригантни испреплетувања на реалностите.

Во нејзиниот начин на изразување експресивното нуди ликовно обликување не толку преку формата или стилскиот израз, туку повеќе преку непосредното чувствување, промисленото делување како реагенс на миговноста и начинот на визуелно пренесување на истото , односно преку тематската предлошка.

Така, делото наместо своевидно омеѓување на два посебни света овојпат се јавува како комплицирано продолжување на веројатни случувања кои и инаку постојат, но единствено се забележливи преку визуелното растегнување на просторот внатре и надвор од него. Набљудувачот не е дистанциран од случувањето во делото, напротив без неговото присуство акцијата во него останува нереализирана. Делото е она кое ги поставува прашањата и овојпат набљудувачот е оној кој непредвидливо е ставен во ситуација на замолченост. Матерјалната природа на делото се претвара во транспарентна преграда, меѓу оној кој остварува контакт со него и авропортретниот лик од другата страна, или пак меѓу набљудувачот и повторно неговата сопствена ликовна манифестација, често не преку претстава на лик, туку како негова сенка - неговото (или било чие) второ-јас. Испишаниот енигматичен ракопис единствено остава простор за можни одговори во дијалогот со мултиплицираниот наративец. Во делото насловено како 'Ме гледа Ли' двојственоста повторно е присутна (на кого всушност се однесува поставеното прашање, дали на фигурата која се обидува да премине надвор од делото или пак насамиот набљудувач?). Претставените фигури со нагласената остра линија на цртежот и пречистеност на линијата освојуваат карактер на анимирани ликови. Авторката и овојпат во потполност не ја негира матерјалната природа на креацијата, таа едноставно ја прогласува за единствено разоткривање на вистинската природа на нештата во реалноста.

Јованка Попова

## Меѓу гротеска и сатира

Скулптурата денес сè повеќе се ослободува од стегите на традиционализмот што е позитивна придобивка имајќи ја предвид податливоста на материјалот во реализација на одредена тема. Користењето на современи материјали не нуди само поекономична и побрза обработка на делото, туку може да даде солидни резултати за остварувањето на креативната идеја.

Гоце Ефтимов следејќи го својот креативен нагон создава мошне интересно уметничко дело. Неговата скулптура „Hronos" обработува митолошка тема, затоа е неопходно накусо да се запознаеме со митот кој послужил како инспирација на авторот:„ Хронос е лик од грчката митологија, син на Уран и Геја. Тој стравувајќи дека ќе дочека иста судбина како и неговиот татко( да биде кастриран од сопственото дете, а потоа и усмртен ), ги проголтува своите деца (Деметра, Хера, Хестија, Хадес, Посејдон). Но неговата жена Реја успева да го сокрие нивното последно дете, Зевс,од кое подоцна Хронос ќе биде убиен." Темата е класична, но идејата за една постојана борба за власт, па макар и да е тоа за сметка на сопствените деца е сè уште свежа и непроменета од најдалечни времиња па сè до денес.

Композицијата „Hronos" по својата поставеност во просторот има класични обележја. Ликовите низ една заемна „игра" се поставени во дијагонала која и дава динамичнист и раздвиженост на скулптурата.

Фигурите на Хронос и неговите деца не се ослободени од фигурација туку се асоцијативни. Аскетско издолжена и деформираната фигура на Хронос добива чудовишни обележја наспроти мазните и беспомошни фигури на неговите деца. Иако нивната судбина е предвидлива, иако се поставени пред широко отворената уста на Хронос, тие не се предаваат и се борат до крај. Впечатоците и емоциите кои се добиваат откако ќе се погледне скулптурата се контрадикторни: и покрај целата гротескност постои доза на хумор и цинизам што е уште една потврда за тоа колку може да биде тенка границата на спротивставените нешта.

Гоце Ефтимов штотуку почна да се реализира како скулптор, а при тоа останува доследен на својата замисла која има моќ да го предизвика и задржи вниманието на гледачот. Чувствувањето на драматичниот набој при гледањето на скулптурата се чини дека е главна карактеристика која ветува прогрес во неговото понатамошно откривање како скулптор.

***Кате Антевска***





**Гоце Ефтимов**, **роден 1982**
**апсолвент на Филозофски факултет**
**катедра за Историја на уметност со археологија и студент на IV година на ФЛУ отсек вајарство**

*Хронос, арматура – пур пена – гипс, 2007, 150x150*





## Вознемирувачки светови

**Златко Стровјановски**, **роден 1982 дипломира 2006год на ФЛУ отсек графика и графички дизајн**

*„Без наслов"(Сува игла), 2001, 100x70*

*„Screaming for mercy"(бакропис), 2002, 50x70*

*„Во човечка кожа 2"(сува игла), 2002, 100x70*

Честопати ослободувајќи се од сопствените креативни пориви ќе се запрашаме колку било успешно нашето „разголување". Дали создаденото дело (слика, скулптура и сл.) го отсликува нашето внатрешно битие – нашите стравови, желби, или можеби е наша спротивност – она за што сонуваме, мечтаеме. Нема да биде погрешно и ако речам дека вистината за човековото битие и неговата противречност често знаат да бидат испреплетени во една игра која збунува и запрашува.

Златко Стровјановски со својата ненаметлива природа припаѓа во онаа група на уметници кои навидум мирно ја прифаќаат реалноста. Всушност, неговата ликовна патека т.е. графиката како медиум, го открива вознемирувачкиот дух на современото општество. Ликовниот ракопис во избраните графики има реалистички третман. Ова подразбира реалистичко претставување на формите (пред сè човечки претстави) кои не се директна преслика на видливото, туку се во еден посебен меѓуоднос кој предизвикува невообичаени расположенија.

Во графиката „Во човечка кожа 2" очигледна е засегнатоста на авторот со човечките судбини – нивната разновидност но, истовремено, и нивната отуѓеност. Сијамските близнаци, транвеститот, човекот со џуџест раст, трите девојки, двата костура се „залепени" фрагментарни реалности кои создаваат еден помалку клаустрофобичен простор. Простор, заробен од вратоломната игра на животот, смртта и сексуалноста. Последователно на ова се надоврзува графиката „Screaming for mercy" – реалистична слика на човечки врисок претставен преку умножена човечка претстава. Преку стегнатиот и прецизен цртеж одекнува ехото, чиј звук добил успешна визуелна реализација. Третата графика – „Без наслов" го отвара патот кон спасението. Централно е претставен крст на кој е распнато бебе, а лево и десно од крстот стојат маж и жена. Нивните ликови можат да се поистоветат со Адам и Ева - првите грешници. Лицата им се заменети со исечени слики на кои може да биде секој од нас, преплашен од сопствените грешки но не и имун на надворешниот свет кој безмилосно си игра и ја „распнува" човечката душа.

Ликовниот јазик на Златко Стровјански е автономен во својата изведба, а тоа пак ветува чекорење по еден сопствен ликовен пат, стил во кој ќе се пронајде уметникот. Прецизниот цртеж, грижата за детаљот, доведувањето на формите во посебен меѓусебен однос ги доближува создадените дела до надреалистичкото видување на нештата.

*Кате Антевска*







## Движење

Во своите први чекори во светот на уметноста, нејзина главна ликовна преокупација е линијата. И двете дела "Движење" работени со акрилик на лесонит и медијапан, се композиции исполнети со една игра на слободни хоризонтални, вертикални и криви линии кои се повторуваат и создаваат форми кои сугерираат организирана и балансирана композиција.

Линијата во нејзините дела е секогаш жива, никогаш статична и силно сугерира движење.

Пошироките линии укажуваат на главните насоки и го водат окото низ делото на флуиден начин. Тие создаваат чувство на една непрекината и вечна трансформација.

Малите, потенки линии ги сугерираат секундарните движења и изгледа како да се спротиставуваат на ограниченоста, ја одразуваат желбата за ослободување и за слободно движење.

Ако значењето на линијата се насетува веднаш, значењето на бојата се воочува покасно. Тие се неразделни елементи на композицијата и на структурата на сликите на оваа млада авторка. Таа е во функција на линијата и на она флуидно патување на окото низ делото.

Играјќи креативно со линијата и бојата, Христина создава една таква апстракција која остава посебен впечаток. Таа е плод на една искрена инспирација која го заслужува нашето внимание.

*Нора Халими*

**Христина Зафировска,**
**родена 1983год.**
**Апсолвент на ФЛУ во Скопје, смер - сликарство,**
**во класата на проф. Симон Шемов.**

*"Движење", 2006, акрилик на лесонит, 90x85*

*"Движење", 2006, акрилик на медијапан, 88x74*



## Рефлексии на време

***Зоран Тошевски,***
***роден 1984год.***
***Студент е на III година на ФЛУ во Скопје, смер-вајарство,***
***во класата на проф. Жарко Башевски.***



*"Рефлексија на време", 2006, црн лим, кутијаст профил, кварцен песок и плексиглас, 78x81,5x62,5*

Во потрагата да ја пронајде својата природа и својот индивидуален израз, Зоран истражува слободно со различни материјали кои му овозможуваат своите идеи да ги претвори во една видлива целина. Но, сепак и материјалот во неговото дело е составен дел на изразот и е во нераскинлива врска со идејата на авторот. Просторот е истотака интегрален дел на делото. Тој активно и рамноправно со материјалот учествува во градењето на еден одреден пластичен концепт, кој кај Зоран подразбира одмерена хармонија на рационалното и емоционалното и оригиналност во спојот на геометриското и експресивното.

Иако сеуште студент, во неговата конструкција од црн лим, кутијаст профил, кварцен песок и плексиглас, насловена "Рефлексија на време" вградува висок степен на индивидуализам и креативност. Тој ги чуствува можностите што материјалот му ги нуди во поглед на формата.

Додека се вртиме околу делото, се соочуваме со една константна промена на формата и добиваме впечаток дека сме постојано под влијание на рефлексиите на светлината во металните површини.

Зоран е во доба на интензивно перцептирање на светот. Негова моментална преокупација е светот на појавното, на промените и непостојаноста. И материјалот и самите форми ја содржат во себе идејата на непостојаноста.

Во поопшто значење и самиот круг пресечен во два дела, во два преместени полукругови и двете превртени пирамиди полни со песок симболизираат непостојаност и незапирливо протечување на времето.

Во делата на овој млад автор се забележува тенденцијата за свесно насочување на емоциите и нивно контролирано артикулирање.

Зоран не е единствен во ваквите трескавични трагања во светот на уметноста, но начинот и сериозноста со која пристапува кон тој пат водат кон нови успеси и откривање на неоткриени светови на човековата фантазија.

***Нора Халили***

# Некаде назад во времето ...

Какви одеци предизвикува појавата на еден артефакт што припаѓа на некоја заборавена и непозната култура од далечното минато во свеста на човекот во нашиот современ контекст? Пронајдена е нова скулптура на некој од археолошките локалитети. Камени фигури со благ метален отсјај. Седум таинствени фигури изделкани од цврста карпа, со силни удари на цврста машка рака. Не.

Преобилкувајќи го и маскирајќи го стиропорот, прилично нов материјал, лесен, порозен, скулпторката Александра Петкова, постигнува визуелна илузија на страотна цврстина и стабилност како да се работи за прастари камени скулптури кои долго опстојуваат низ времето, група која милениуми цврсто стоела и го набљудувала и мирно го бележела времето кое минувало. Каква само моќ има патината на времето. Или можеби е доволно само да се создаде една таква илузија?

Стилизирани антропоморфни фигури, робусни, крути, сведени на знак, луѓе или божества, без дополнителни назнаки, оваа група не не остава рамнодушни, туку напротив се наметнува со својата надмоќност.

Поставувајќи ги седумте фигури сопоставени, спротивставени едни со други на три различни позиции во просторот (една издвоена, изолирана фигура која директно се соочува со една група од четри фигури и две кои набљудуваат од страна), такашто фигурите во својот меѓуоднос, иако слободни во просторот формираат една затворена композиција, симболично затворајќи се за било какво конкретно толкување.

Овие фигури зад цврстата кора на непрепознатливоста кријат еден длабок мрак, ужаснувачки и морничав патос. Морничава атмосфера која ја создаваат другоста и оновременоста. Ужаснати од времето кое изминало, заробени во својата строга форма, како таа морничавост да произлегува од изгубениот контекст, ставени во нов, современ - за нив туѓ.

Ненасловената скулптура на Александра Петкова, со својата длабока архаичност, успева да го раздвои "просторот на современото", да упадне со својата "анахроност" во него и да не врати некаде назад во едно време, за нас магловито и тајновито.

Таа докажува дека креативната моќ на уметникот може да биде насочена во создавање на илузија на архаичност, тајновитост без обид да наметне некаква конкретна нарација на една визуелно моќна просторна композиција, која едноставно фасцинира и наметнува запрашаност со својата силна присутност.

*Владимир Јанчевски*



**Александра Петкова,**
*родена 1983*
*апсолвент на ФДУ, отсек: скулптура, во класа на Ибрахим Беди*

*Скулптура: стиропор, подлога: 220x220, фигури: 150*







**Мирко Бојаџијевски,**
**роден 1981год**
**Дипломирал 2004 на ФЛУ отсек: сликарство**
**во класа на Рубенс Корубин**

*"Сина синтеза", 2007, масло на лесонит, 100x80*

*"Втората врата", 2007, масло на лесонит, 80x50*

## "Артефактот, помеѓу битието и небитието"

Постоењето има свои закони, а распаѓањето, деградацијата на материјата и нејзиното враќање во хаосот е дел од детерминираната цикличност на космосот. Единствено што може да се направи е тој циклус молкум да се следи и да се прифати како неминовност.

Прифаќајќи ја минливоста на битието и ограничената трајност на материјата, Мирко Бојаџијевски во своите дела, како централна идеја го третира артефактот, производ на човековата свест, ликовно изложувајќи го својот интерес за неговата суштинска структурална кревкост, поточно процесот на негово разложување и враќање назад во природата.

Свесен дека сликарството како медиум може само да ја симулира категоријата време, под чие дејство артефактот се деградира, Бојаџијевски ја користи својата извонредно прецизна сликарска рака за да го долови распаѓањето на артефактот, речиси веристички навлегувајќи во суштината на овој процес, како бавна прогресија до конечното деформирање и деградирање на структурата на материјалното. На тој начин, сугерирајќи го процесот на распаѓање, го претставува артефактот, материјата, но на границата помеѓу битието и небитието. Во сликите преовладува единство во меѓуодносот на острите рабови на артифициелното кое полека се втопува во надвладувачките органски структури, така што е постигнат извонреден баланс на форми и бои со што уште еднаш се потенцира суштинската космича хармонија и преку ликовните елементи.

Иако истуркани до работ на непрепознатливоста, авторот на своите слики им дава наслови кои ја "ограничуваат" тоталната слобода на набљудувачите, наведувајќи ги во сликаното површина да ги бараат трагите од "делата на човечката свест" кои се насетуваат, но само што не исчезнале.

Авторот ја истакнува својата свесност дека ниту уметничкото дело, како артефакт, не може да му се спротивстави на времето, со што ја проблематизира неговата митологизирана долговечност. Како производ на умислената надмоќ на човековата свест над законите на природата, и Тоа (уметничкото дело) како материја, полека исчезнува, како сенка кога паѓа ноќта. И како што вели авторот, "Бојата се лупи, металот кородира, пластиката напукнува и на крајот се се соединува во правот на заборавот, се што останува се самоназнаки, сенки и поекции од неговото постоење".

*Владимир Јанчевски*







## Додека Молците грицкаат...

Не можеме да ги избегнеме секојдневните злоупотреби, коруптивноста на институциите и останатите негативни појави во општеството. Тие се околу нас, а останува на нас, вака или онака, да се справиме со нив.

Бојан Симовски со својата досегашна активност, имајќи ги во предвид во овој контекст и неговите претходни авторски проекти, се наметнува со самиот факт што критиката адресирана до институциите, која е јасна, ја преведува на многу суптилен ликовен јазик, сфаќајќи ја уметноста исклучиво во контекст на општественото живеење и делување. Самиот автор тврди дека неговата намера не е да стане уметник, туку дека мора да биде уметник, воден од премисата дека човекот може да се ослободи само преку уметноста, и дека на ужасот што не опкружува треба да се одговори со едноставен, разбирлив (ликовен) виц, кој можно ќе делува на перцепцијата и ќе го разниша прикриениот култ кон глупоста, и општото слепило.

Проектот "Молци" е јасна метафора, и претставува суптилна иронизирана критика која преку инвентивната опозициска поставеност на насловот (Молци) и објектот (Вреќичка со нафталин) има за цел да ја испровоцира јавноста, на ментално ниво, да се приклучи на "ритуалот на прочистување од штетниците". Идејата како темјан, формата како кандило, па да кадиме, сите ние, "народец сирот" за спас на душата. Ха, ха... Потребна е вистинска смелост, со иронија, на општеството да му се плесне в лице неговата вистинска слика.

И покрај фактот што идејата за овој проект се појави во контекст на еден конкретен општествен настан, неговата појава и реактуелизација во рамките на една групна изложба само докажува дека острата (а добронамерна) критика на општествените институции не смее да го поштеди и одмине светот на уметноста. Но, наместо герилски да војува и да се прикрадува пред општествените институции сега гордо и "културно" доаѓа, и тоа со уредна покана, во посета на своите "сродни" институции.

Немојте да се изненадите ако на самиот влез на оваа изложба ве пречека една голема црвена вреќа, затоа што никој не е поштеден од нејзината упадлива порака, ниту посетителите, ниту институцијата, ниту учесниците, ниту нејзиниот автор, а ниту авторот на овој текст.

***Владимир Јанчевски***



**_Бојан Симовски,_**
***роден 1984***
***апсолвент на Филозофски факултет,***
***катедра за Историја на уметност***

*„Молци", фотографии од перформансот , 2006 год*